***За објава на***
**25 Јуни 2016**

Contact: tel.: +389 (0)70 250 497
e-mail: marijac@fulm.com.mk
e-mail: ezgonjanin@fulm.com.mk

# *Поврзува, инспирира, поттикнува*

Беше лето, 2004 година. Една млада девојка влезе во Филијалата и срамежливо проговори:
*„Јас сум студентка и следниот месец ќе треба да платам партиципација на факултет. Има ли можност да земам кредит, бидејќи живеам само со мајка ми и не сакам да ѝ бидам на товар. Сакам сама да си ги платам студиите. Знаете, јас работам во едно кафуле и можам сама да си го отплатам кредитот...”*
Таа беше нашиот прв член - студент, жена и вистински пример за инспирација!
Ова е причината заради која ние постоиме - да помагаме и поттикнуваме!
Оваа пригода ја користиме со цел да ги инспирираме и поттикнеме жените од Македонија - да им дадеме можност за професионален и личен развој и да ги поврземе со жените од кредитните унии ширум светот, преку Форумот на жени лидери на ФУЛМ Македонија, како дел од Глобалната мрежа на жени лидери GWLN (www.cuwomen.org) и Светскиот совет на кредитни унии WOCCU (www.woccu.org)

**Настан:** **ФОРУМ на жени лидери на ФУЛМ Македонија**
**Организиран од:** **ФУЛМ Македонија**
**Поддржан од:** **Штедилница ФУЛМ, ЗГ ФУЛМ, WOCCU, GWLN, PSCU and Mitchell Stankovic & Associates**
**Датум:** **25 јуни 2016 година, 12.00 часот**
**Локација:** **Скопје, Зебра Центар, Квинс хотел, Сала за конференции**

Глобалната мрежа на жени лидери ги поврзува жените од кредитните унии ширум светот и им овозможува професионален и личен развој преку електронски или лични едукативни платформи. Мрежата нуди меѓународни перспективи во заедничките интереси со кои се соочуваме сите, ширум светот. Со вклучување во интеракција со други професионалци во бизнис-форумот, жените можат да пристапат до неограничени извори и да учат од искуствата на другите.

**Забелешка до уредниците:** Штедилницата ФУЛМ (www.fulm.com.mk; и на социјалните медиуми Facebook, Linked In, Youtube/ФУЛМ Штедилница/FULM Savings House) на македонскиот финансиски пазар е присутна од 1999 година, кога го спроведе проектот за штедно-кредитни унии во Македонија преку WOCCU (www.woccu.org) финансиски поддржан од USAID ( www.usaid.mk). Во своето повеќегодишно работење, Штедилница ФУЛМ, преку своите филијали низ цела Македонија во Скопје, Кавадарци, Битола, Струмица и Тетово, реализира преку 22.000 кредитни линии на: вработени, студенти, невработени, пензионери и земјоделци, а со вкупен износ од над 1,5 милијарди денари. Штедилницата ФУЛМ е член на Светскиот совет на кредитни унии со седиште во Медисон, САД, еден од основачите на Европската мрежа на кредитни унии со седиште во Брисел, партнер со Лигата на кредитни унии на Мичиген (www.mcul.org) и со Асоцијацијата на кредитни унии на Полска (www.skok.pl)

**Дополнителни информации:** 88% од вработените во Штедилница ФУЛМ се жени, 72% од менаџментот се жени, 83% од сите практиканти кои работеле во ФУЛМ се жени.